## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 04. 09. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3942 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за трговија и услуги ТИА МАЛИБУ Данче и др.ДОО Скопје, издавач на магазинот „Леона", и тоа:

   - изданието бр.5 на магазинот „Леона" за септември 2018 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 4 септември 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на печатен медиум ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која „*издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум.*"

5. **Претходно изречена мерка:** На 16.04.2018 година, по спроведен вонреден административен надзор на Друштвото за трговија и услуги ТИА МАЛИБУ Данче и др.ДОО Скопје, беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, за што му беше изречена мерка опомена и му беше даден дополнителен рок од 30 дена да го усогласи своето работење со законот (Решение за преземање мерка – опомена бр.03-218 од 23.04.2018 година). На 04.06.2018 година беше извршен контролен надзор со кој беше констатирано дека издавачот на печатен медиум во целост постапил по Решението и дека ги објавил податоците, односно дека ја исполнил оваа законска обврска (Писмен извештај од извршен контролен надзор бр. 03-2703/1 од 04.06.2018 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за трговија и услуги ТИА МАЛИБУ Данче и др.ДОО Скопје, издавач на магазинот „Леона", во изданието бр.5 за септември 2018 година во целост ја исполнило обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***